*Сергеј ЦВЕТКОВСКИ*

**УДК: 355.01–021.388**

# ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ВОЈУВАЊЕТО НИЗ ПРИЗМА НА АСИМЕТРИЧНОСТА

***Кратка содржина***

*По Студената војна, водечката сила на Западот ќе го трансформира начинот на водење војна. Денес поимот асиметричност предизвикува конфузија во однос на неговата примена на стратегиско ниво и на ниво на закани. Авторот нема да ја ограничи, но повеќе ќе ја фокусира анализата на применливоста на терминот асиметричност и на соодветниот концепт на асиметричност на заканите и нивната прогноза. Во тој контекст се поставува и прашањето за типовите асиметрични стратегии. Дали во нивни рамки покрај асиметричноста на технологиите, може да се зборува и за асиметричност на интересите?! Анализата укажува дека асиметричноста не е ништо ново во војувањето и како поткрепа се наведуваат повеќе примери, меѓу кои и војувањето на САД во Виетнам во шеесеттите години на минатиот век – пример од каде што се извлекува и уште една друга поделба на асиметричноста во однос на влоговите и загубите. Правејќи груба поделба на цивилизирани и варвари, авторот ги претставува можните опции на посилните и послабите, при што не е исклучена и можноста двете страни да употребуваат ОМУ. Заклучоците тврдат дека слабостите на масовните конвенционални армии на технолошки надмоќниот во иднината ќе бидат ублажувани со примената на платеници и бројна мала технологија за еднократна употреба.*

***Клучни зборови***: *АСИМЕТРИЧНОСТ, ЗАКАНИ, СТРАТЕГИЈА, ТРАНСФОРМАЦИЈА, ТЕХНОЛОГИЈА.*

## *Вовед*

По завршувањето на Студената војна, Западот се најде во ситуација не само да бара нов противник, туку да бара и нов начин на кој ќе војува. Новиот шаблон на војување допрва требаше да ги прецизира новите процедури, при што долгорочните планови биле базирани врз тогашните тековни преокупации и приоритети, а анализите биле извлекувани од тогашните постоечки кризни локации. Размислувањата за можните нови непријатели ги надминувале очигледните кандидати со кои Западот имал лоши односи. Таквата амбиција поставила норма

за капацитети за паралелно водење две големи војни во Азија, поточно една на Средниот Исток и една во Источна Азија. Во основа не било лесно да се прецизираат новите непријатели иако анализите се однесувале на т.н. рамноправни конкуренти за војување со што бил стеснет кругот на изборот. Од перспектива на искуството, таквите кандидати биле малку. Техничко-технолошката развиеност на Германија и на Јапонија била изнесувана во прилог при анализите на некои воени аналитичари, но сето тоа останало само како едно видување. Тогашна Русија штотуку ја изгубила империјата, а Кина не била расположена да се претставува како глобален играч, ниту, пак, реално била во можност да го наруши нововоспоставениот меѓународен поредок. Фикциите во предвидувањата оделе и до можен „судир на цивилизациите"[1] или тотална анархија.[2]

Прогнозата била дека регионалните конфликти ќе доминираат во наредниот период, рефлектирајќи ги намерите за зголемување на моќта на локалните водачи кои потекнуваат од т.н. слаби држави – земји економски заостанати со слаба ресурсна основа, со социјални нереди и нестабилни политички институции. Распространетоста на ваквите конфликти ќе биде условена од успехот на заложбите за соочување со нивните причинители, при што клучен фактор ќе биде економската стабилност. Во контекст на прогнозите, и покрај извесната несигурност, било проценувано дека во догледна иднина ниту една држава нема да може да ѝ конкурира на конвенционалната сила на САД, па дури и ако наспроти САД стои противник кој со себе ги ангажирал и своите сојузници. Па, така, конфликтите што ќе се одвиваат може да се групираат во два типа: оние во кои ќе учествуваат САД и конфликти во кои нема да учествуваат САД. Поради тогашната супериорност на САД како воена сила, може да констатираме извесна асиметричност во водењето на војната и тоа од два аспекта. Прво, асиметричност на војувањето во конфликтите во кои учествуваат САД и конфликтите во кои не учествуваат САД и, второ, асиметричност во војувањето во конфликт во однос на силата на САД наспроти нивните опоненти и обратно.

Во тогашните ставови за војната Запад имаше гледиште дека војната ќе биде негов избор наспроти потреба. Што значи тоа? Имено, Запад не бара промена на статус кво на односот на силите, туку само тоа ќе биде негова изнудена реакција на настојувањето на оние што сакаат да го изменат тој статус. Но, и покрај тоа што тоа ќе биде одговор на изнудена реакција, сепак, ќе биде задржано правото на избор во смисла дали ќе се одговори. Па, така, сега во поглед на политичките цели можеме да регистрираме уште една димензија на асиметричноста – асиметричност на интересите. За западните сојузници ваквата асиметрија на интереси ќе биде јасно изразена ако тие се вклучат во конфликти во кои имаат добра причина и да останат надвор од нив. Таквите причини би биле: мали изгледи за решавање на конфликтот; свирепоста на страните кои директно се вклучени; можностите на третите страни да ја подгреваат ситуацијата наспроти да ја олеснуваат; тешкотијата

[1] Hantington P. Samuel, The Clash of Civilizations, Foreign Affairs vol 72, no3, 1993, 22-49.
[2] Kaplan D. Robert, The coming anarchy, Atlantic mountly, vol 273, no2, 1994, 44-76.

да се излезе од конфликтот наспроти лесниот влез во него итн. Но, од друга страна, секако, постојат и такви конфликти каде што постои силен интерес за учество, како кога се работи за конфликти кои територијално се блиску до западните општества. Тука можат да се спомнат примерите со криминалните групи и наркотрговците, чиј замав може дополнително да ги охрабри екстремистите за ширење насилство; локални инфлации, престанување на производство на суштествени производи или снабдување со суровини може да предизвика извесни посредни ефекти изразени низ граѓански движења; малтретирањето на луѓето и прекршувањето на човековите права, исто така, може да бидат иницијатор за ангажирање на Запад во контекст на делење правда. Во овие ситуации и во слични на нив очекуваните загуби од интервенирањето можат да бидат помали од неинтервенирањето кое би се сведувало на неуспешни дипломатски мисии и економски санкции.

Ако одлуките за интервенцијата во Студената војна биле донесувани под влијание на стратегиските интереси, сега Запад морал да размислува за нови услови за интервенирање. Конкретно, за таквата улога на вооружените сили на САД биле поставувани четири услови: национални интереси, променливи барања од борбата во зависност од промена на целите, поддршка од јавноста и Конгресот и акцијата да се презема како последна опција. Уште во 1984 година тогашниот секретар за одбрана на САД, Каспар Вајбергер, ќе изјави дека САД не можат да си дозволат да учествуваат само во *забавни војни*. Критериумите што ќе бидат поставени речиси една деценија подоцна се јасна закана за меѓународниот мир, јасна цел, услови за излез и цена на чинење на интервенцијата.[3] Наспроти овие критериуми, од одредени високи воени кругови била застапувана тезата дека САД не треба да ја играат улогата на светски дежурен полицаец и дека треба повеќе да се фокусираат на решавање на непосредните закани за националниот поредок.[4]

### *1. Размислувања за асиметричните закани*

Веќе две децении поимот асиметричност е централен концепт во дискурсот на САД за војната. Војната, непријателите, битките, стратегиите, пристапите, можностите, предизвиците и другите феномени поврзани со вооружениот конфликт беа етикетирани како *асиметрични*. Употребата на поимите поврзани со асиметричноста особено се истакнува во официјалните процени на закани објавени од Пентагон, разузнавачките служби, независните анализи, како и извештаите на независните комисии. Ваквите документи го употребуваат овој поим за да го опишат секој аспект од воената опозиција со која САД би се судриле. Сите тие документи нагласено истакнуваат дека главните закани со кои се конфронтираат САД, нивните

---

[3] Gacek M. Christopher. The Dilemma of Limited War in American Foreign Policy, Columbia University Press, 1994, 336.

[4] Powell Colin. US. Forces: Challenges Ahead, vol. 71, no. 5, Foreign Affairs, Winter 1992/93, 32-45

вооружени сили, интереси и сојузници се оние асиметричните, иако природата на симетричноста не е така јасно анализирана, па така поимот станува повеќе политички отколку аналитичко објаснувачки. Тековно, асиметричните закани, главно, вклучуваат тероризам, неконвенционални тактики или герилско војување, употреба на ОМУ, кибернетичка војна и информатичка војна. Во поново време во оваа група се вметнуваат и урбаното војување, како и крстосувачките, односно балистички проектили со кои се применува стратегија на дејствување на простор на кој се нема пристап. Многу брзо меѓу нив би можеле да се вметнат стратегијата на *спржена земја,* како и оние способности што се создадени да ја неутрализираат способноста за користење на вселената за воени цели, т.е. противвселенските стратегии.

Не смее да се заборави дека многу од овие асиметрични закани во основа се одамна познати. Според забелешките на Воениот колец на копнената војска на САД, асиметријата е само нов збор за стар поим чие потекло датира од „сите војни се засновуваат на измама" на Сун Цу, преку „индиректниот пристап" на Лидел Харт, па до „парадоксалната логика на стратегијата" на Едвард Лутвак. Така, недвосмислено идејата да се избегнува непријателската сила додека се испитува неговата слабост и се максимизира нашата предност не може да биде револуционерна. Таа е самата суштина на сите натпреварувачки напори. Па, ако асиметричноста значи да го правиме најдоброто така што непријателот не може да ни парира во таа особена активност, тогаш можеби и нема ништо аналитички корисно во тој концепт. Но, од друга страна, употребата на поимот асиметричност за да се означат модерните војни и закани причинува проблеми и понатаму затоа што самиот поим има повеќе димензии. На стратегиско ниво тој значи дека е суштествено да се дејствува, организира и мисли поинаку отколку нашите непријатели, со цел да се максимизира нашата предност, да се искорист непријателската слабост, да се задржи иницијативата и да се здобие повеќе простор за акција. На сличен начин може да се третира асиметричноста и во однос на заканите. Па, така со мултиплицирање на димензиите за можна употреба на поимот асиметричност каде што тој се користи повеќе за опишување на заканите отколку на стратегиите создава проблеми за командантите, водачите и аналитичарите. Асиметричноста мора да добие поинакво значење отколку тавтологијата на Лоренс Фридман за „пристапот што станува синоним со која било стратегија за борење со САД и ја губи својата специфичност".[5] Во контекст на тековните закани и стратегии што стојат зад нив, потребна е концептуална јасност за асиметријата.

### *3. Типови асиметрични пристапи*

Вообичаениот начин на поимување на асиметричноста во војувањето е асиметричноста на стратегиите. Имајќи го предвид претходно образложуваниот концепт на асиметричност во однос на моќта и интересите на Запад во однос на

[5] Freedman Lawrence. The Third World War?, Survival, Vol.XLIII, No.4, 2001, p.70

наеговите опоненти, тој интегриран во асиметричноста на стратегијата добива сосема нова димензија. Поаѓајќи од тоа дека САД се воено најмоќната земја, нивните опоненти ќе мора да се борат под условите на САД и против силите на САД, па така ќе мора да изнаоѓаат поинакви начини да го прават тоа. Во основа е многу тешко да се зборува за симетричноста во водењето на војната затоа што во никој случај не може да се создаде ситуација во која противниците ќе бидат наполно изедначени, со еднакви вредности и способности како во некоја социјално тимска игра, која се одвива на точно одреден простор и под точно одредени правила. Во војните не само што не постојат правила на примена на стратегијата, правила што би ги наметнал некој неутрален судија, туку воените акции одат дотаму што често пати се случува да не се почитуваат ниту правилата на меѓународното воено право, кои имаат извесна морална, хуманитарна, па дури и правно-политичка димензија.

Во општото сфаќање за асиметричноста, симетричните војни се оние што се водат помеѓу изедначени противници, каде што изедначеноста се однесува на бројноста, технологијата, обуката, раководството и опремата. Идеално, вакви две спротивставени војски не постојат, што значи дека сите војни се асиметрични. Можеби изгледа како математичка логичка равенка, но ако прифатиме дека има симетрични и асиметрични војни, тогаш асиметрични војни би се воделе помеѓу различни сили. Различноста би повлекла неспособност на едната страна да се спротивстави на другата. За разлика од асиметријата на интересите каде што фокусот е на целите, во асиметричната војна фокусот е на средствата. Асиметричните војни се аполитични војни од аспект на интересите каде што спротивставените имаат заемно некомпатибилни интереси или, пак, може да се каже дека тие се водат за реализирање на иста цел, исти инереси, при што разликата е во начинот на кој страните ги остваруваат тие интереси. Во таа смисла, асиметричноста би била најсилно изразена доколку постои нееднаквост и на интересите и на средствата со кои тие интереси се јавуваат.

Асиметријата во релација со техниката и опременоста може да се анализира и низ стабилноста како последица на загарантираното заемно уништување на двата спротивставени блока во Студената војна. Одвраќањето со употреба на нуклеарната моќ како трагање по одлучувачка асиметрија по извесен период од четири декади ќе биде оценето како многу ризично. Ако на почетокот од Студената војна асиметричната изразена надмоќ во квантитетот на конвенционалните потенцијали на СССР ќе биде причинител САД да развиваат асиметричност на средствата преку нуклеарна надмоќ, па преку симетричност на нуклеарните потенцијали во текот на Студената војна, на крајот од неа ќе се претвори повторно во асиметричност на конвенционални потенцијали, но овој пат како технолошка надмоќ на САД благодарение на инвестициите и развојот во информатичката технологија. Доколку денес и двете страни се способни за исти подвизи – како што се мобилизирање дополнителни ресурси и сојузници и користење слични инвентивни тактики – сепак, нивните потенцијални предности значително ќе варираат. Во услови на асиметричност, суштинско ќе биде постигнувањето одлучна победа која ќе остави можност за реализирање на она што Лидел Харт го нарекува „подобар мир“.

### *3.1 Стратегија на Давид против Голијат*

Еден друг тип асиметричност во војувањето може да се анализира низ влоговите и загубите. Така, САД во шеесеттите години на минатиот век проценија дека нема да можат нуклеарно да се одмаздуваат на секое локално погранично загрозување на територии на слободниот свет кои полека се нагризувани од нивните *црвени* непријатели. Решението ќе биде менување на доктрината од масовна нуклеарна одмазда во доктрина на еластичен одговор. Потоа, воените сили на САД ќе почнат да се реорганизираат и подготвуваат за доктрина на судири со низок интензитет, што подразбира развивање способности на специјалните сили кои ќе водат противбунтовнички дејства. Но, противбунтовничките дејства нема да се покажат како успешни кога САД ќе бидат вовлечени во Виетнам. Споредливата техничка предност ќе биде доволна да се поразуваат непријателите кога отворено ќе се судираат со експедициските сили на САД, но нема да биде доволна да се победи во војната. Генералите на САД во Виетнам ќе бидат силно исфрустрирани секогаш кога нивните виетнамски противници ќе користат герилски тактики или ќе одолжуваат. САД ги добиваа битките, но успехот не беше видлив иако беше мерлив. Мерливоста се остваруваше преку бројот на убиени непријатели, но не и преку освоени територии. Секоја територија што имала тактичко значење, а која САД во Виетнам ќе ја освоеле убивајќи повеќе противници, ја напуштале за противниците повторно да ја заземат.[6] Така, капацитетот за поднесување жртви и времето со кое располагал противникот кој бил асиметричен од економска димензија предизвикал да не може САД да постигнат одлучувачка победа. Асиметричната политичка цел – интересот на Северен Виетнам за територијата на Јужен Виетнам била многу позначајна отколку за нивниот противник САД. Асиметријата во влоговите на завојуваните страни била клучна за исходот на судирот.

Во конфронација со западните моќни сили, тактиката е да се избегнува отворена борба, при што треба да се одолжува сè додека загубите на западната држава станат поголеми отколку нејзините придобивки. Таков бил и ставот на Садам Хусеин пред војната во Заливот во 1991 година кога тој ги применувал стратегиите за да го поткопа единството на противничката коалиција: со поттикнување дипломатски компромис; со најава за битка на сите битки; со закана за тероризам врз домашното население на членките на Алијансата со употреба на ОМУ, како и со сериозна деградација на животната околина. Ваквата стратегија на асиметрично војување се покажа само како делумно успешна. Ирачаните имаа недостиг на воени и политички способности за нејзино целосно реализирање, при што постигнатиот ефект не бил одвраќање, туку забавување поради дополнителни подготовки и активности во функција на безбедноста на силите на Запад.

Интересен е и примерот од средина на деведесеттите години на минатиот век на просторите на поранешна Југославија кога Србите применуваа тактики што

---

[6] Vietnam in HD http://www.youtube.com/watch?v=prqkYMaqDS0&list=PLnzkxrGWCE6oVY1du5dY2UFZG7BgZa3Zo

го оневозможија Запад да реагира на нивното етничко чистење навреме. Тактиката што ја применувале Титовите партизани за време на Втората светска војна, кога ги држеле германските сили под опсада, била модификувана и применета врз силите на ООН кои биле држени како заложници, придружено со опсада на градовите и лоцирање на најзначајната воена техника блиску до населените места и истовремено нудење дипломатска отстапка. Сето тоа ги пролонгирало воздушните напади на Запад кои успешно биле изведени, но дури по извршеното електронско разузнавање кое прв пат ја покажало својата ефективност претходно во војната во Заливот. Врз основа на ова искуство, алтернативните стратегии на Србите за зачувување на борбената техника наспроти доминантниот технички квалитативен и квантитативен фактор на НАТО ќе се покажат како поуспешни во воздушната кампања на НАТО врз Југославија во 1999 година.[7]

Ваквите опциони стратегии се одраз на примена на факторите кои слабите ги определуваат во спротивставувањето со силните: концентрација на удар, тактизирање со времето во одолжување, политичко дејствување паралелно со воените операции, играње на картата на нетолерантност на западната демократија кон сопствените жртви, како и колебливоста на противникот која предизвикува страдање на цивилното население. Всушност, ваквите стратегии го вовлекуваат цивилниот домен во конфликтот за да го избегнат отворениот воен судир со посилниот противник.

### *4. Алтернативни можности*

Пред послабиот стои можноста да го избегне целосниот пораз користејќи го проблемот на посилниот да оди доследно по зацртаниот пат доколку цената не е прифатлива. Пред посилниот, пак, стои можноста да се соочува со непостојани (пара)воени формации, составени од луѓе склони кон насилство и авантура, со лабава дисциплина и лојалност и со потценувачки однос кон улогата на цивилот во општествениот поредок. Послабиот противник во овој однос се борци кои ќе применуваат герилска тактика и методи на војување, борци, но само кога условите ќе им одговараат за примена на нивната борбена замисла додека во остатокот од времето тие ќе бидат *недолжни граѓани.*

#### *4.1 Цивилизирани наспроти варвари*

Односот на послабиот и посилниот во модерното војување многу потсетува на историските судири помеѓу варварите и цивилизираните. Варварите победуваат со лукавства, бројност и храброст. Цивилизираните губеле и покрај нивната технологија и обука. Секогаш жестокоста на варварите е зголемувач на силата, нивната суровост е психолошка сила која го напукнува истрошениот морал на

[7] Барталеми Курмон, Дарко Рибникар. „Асиметрични ратови. Сукоби јуче и данас, тероризам и нове претње", НИЦ Војска, Београд, 2003.

цивилизираните, кои изгледа како секогаш да ги потценуваат варварите. Пренесено во сегашноста, тоа е реалност или блиска иднина за некои... Се поставува прашањето дали претставуваат поголема опасност високотехнолошките армии или воените дивјаци кои не ги почитуваат цивилизираните ограничувања под кои западната цивилизација дејствува и кои би направиле апсолутно сè за да се здобијат со победа. Варварите со својот културен пораз, живеејќи во анархични, пренаселени и еколошки опустошени региони, не само што ќе извршуваат ѕверства туку и ќе уживаат додека го прават тоа. Таквите непријатели можат да ги победуваат технолошки развиените на идните бојни полиња поради тоа што ќе бидат помногубројни, полукави и пожестоки отколку умерените принципиелни противници и затоа што неочекувано, но, сепак, би можеле да поседуваат и напредна технологија. Или поточно поради тоа што тие се лукави, тие ќе ги избегнуваат големите битки во кои нивниот противник со супериорна технологија ќе ја има предноста и ќе бараат начин како да го поразат со напаѓање на неговите сојузници или неговите позиции во странство со субверзии и тероризам, сметајќи на неговата неспособност да се приспособи на нивната стратегија на бавно, но постојано *притискање*. Било *послабите* да ризикуваат со големи битки или да преферираат мали ангажмани, тие нема да се двоумат доколу имаат можност директно да ги нападнат цивилите на западната цивилизација. Тие би ги поразиле посилните со хакирање на информацискиот систем на кој се потпира економијата и удопството на Запад. Тие ќе ги поразат посилните со емитување во живо на осакатување воени заробеници (кои, исто така, можат да бидат и жени), а потоа ќе ги ослободуваат осакатените и изобличените како знак на добра волја. Тие, исто така, ќе победуваат со пренесување на хемиско и биолошко оружје во цивилизираниот свет и употреба на таквото оружје. Накратко, тие можат да ја поразат цивилизацијата со кршењето на волјата на нејзините граѓани за борба.[8]

Послабиот противник секогаш ќе покажува поголема жестокост доколку се бори за одредена своја кауза или начин на живеење што е вметнат во неговата традиција. Потоа, исто така, тука не би можела да се занемари улогата на обуката во успехот на борбата на *послабиот*. Технолошките предности на неговиот противник може повеќе да дојдат до израз при засилување на ефектите од грешките на послабиот што се резултат на несериозни одбранбени подготовки и недостаток на познавање на воената вештина.[9]

### *4.2 Алтернативи за силните*

За некои воениот успех почнува да се поистоветува со значењето на *без жртви*. Но, ако воениот успех се сведе единствено на без жртви, тогаш воениот успех би бил многу редок поради тоа што воените операции без жртви се многу

---

[8] Види: Charles J. Dunlap, Jr., How We Lost the High-Tech War of 2007, The Weekly Standard, 29 January 1996, pp. 22-28

[9] Biddle Stephen. Victory Misunderstood: What the Gulf War Tells Us About the Future of Conflict", *International Security*, Vol. 21, No. 2 (Fall 1996). Достапно на http://www.comw.org/rma/fulltext/victory.html

ретки. Според принципите на логиката, ако воениот успех е реткост, тогаш Запад со сигурност може да смета на пораз во иднина. Најчесто цитираниот доказ за ваквиот аргумент дека САД го изгубиле сечилото на воинот е настанот од Сомалија во октомври 1993 година. Тогаш 18 американски војници беа убиени како исход на обидот да се фати локалкниот сомалиски генерал Мухамед Аидид. Веднаш потоа американскиот претседател Клинтон ќе ја смени политиката кон Сомалија и по преговорите во Конгресот, тој ќе изјави дека американските трупи од Сомалија ќе бидат повлечени за шест месеци.

Овој настан сега се смета за одлучувачки момент за светот во периодот по Студената војна, разјаснувајќи дека американската јавност има многу низок праг за толеранција на жртви. Тоа влијаеше на сите понатамошни случаи на употреба на силите на САД. [10] Во еден период потоа, широко се веруваше дека ако силите на Запад се ангажираат во операции *поинакви од војна* и претрпат повеќе од неколку жртви, тогаш Запад ќе биде принуден да се откаже од операцијата. Некои ставови одеа уште подалеку, сугерирајќи дека аверзијата на западната цивилизација кон смртта и страдањето е толку голема што, на пример, американскиот народ нема да може да се справи со барањата за војна, па дури и ако се работи за војна за витални интереси. Преовладувањето на ваквото гледиште, најверојатно, објаснува зошто Претседателството на САД и Конгресот размислувале за опцијата САД да формираат *корпус на платеници*[11] што ќе го прават она што американските луѓе повеќе не се волни да го прават. Ако целосно се признае потребата и употребата на платениците, тогаш традиционалната поврзаност помеѓу американскиот народ и војската ќе престане да постои, а последиците ќе бидат врз карактерот и слободата на американското општество.

Западните сили, исто така, ќе се соочуваат со проблемите на одредени видови терен. Во услови на урбана борба, западните сили ќе мора да ги заменуваат обемните системи со трајни мали и заменливи производи. Одвраќањето од примена на војната во урбани средини е составен дел на асиметричната стратегија на противникот и нешто што е најдобро да им биде препуштено на локалните сојузници. Изведувањето на воените операции ќе биде одредено со пристапот до новите технологии. Големите и скапи борбени платформи ќе бидат ранливи пред напредните технологии, но помалите и помалку пасивни системи ќе можат лесно да се затскриваат во заднина. Армијата на САД доколку го познава борбениот простор, ќе може да ги *изеде* противничките експедициски сили ако тие бидат концентрирани.

На ова се надополнува и проблемот за времето на реакција. САД нема секогаш да реагираат веднаш доколку забележат дека некоја потенцијална противничка сила се подготвува да се придвижи кон соседот (како во случајот на Ирак со Кувајт). И покрај постоењето доволно индикатори за претстоен напад, постојат причини на приспособена процена и колеблива политика зошто *силните*

---

[10] Види: Bowden Mark, A Defining Battle Leaves Lasting Scars, Philadelphia Inquirer, 16 November 1997, p. 1.

[11] Види: Blazar Ernest, Inside the Ring, Washington Times, 2 February 1998, p. 9

веднаш не го предупредуваат потенцијалниот бељаџија. Навремениот воен одговор, формулирањето на политиките и полтичкото убедување бараат време. Едноставно, прво е потребно *сторено дело*, па дури потоа да се реагира на него. Брзината на мобилизацијата беше основна тешкотија за западните сили кон индикаторите за агресијата на Источниот блок за време на Студената војна. Луѓето и персоналот се од особена важност да бидат распоредени и логистички поддржани навреме. Од тие причини ќе биде зачувано потпирањето на проектилите со големи дострели, како и авијацијата и поморските сили со носачи на авиони. Одложеното внесување луѓе и опрема во борбениот простор на подготвениот, решителен и интелигентен локален противник и понатаму ќе претставува опасност за очигледните предности на конвенционалната воена сила на Запад.[12]

### *5. Моќта на употребата на ОМУ*

Асиметричното војување на посилните против послабите покрај ризикот од вовлекување во долготрјана исцрпувачка и мистериозна форма на војна, ја носи и опасноста од можно возвраќање со оружје за масовно уништување. Трансформацијата на војната како процес денес не се фокусира примарно на нуклеарното оружје. Засновано на меѓународната политика, која прогресивно го ограничува и целосно елиминира нуклеарното оружје, САД се фокусираа на војување со ненуклеарно оружје, но самото тоа што тие не го употребуваа нуклеарното оружје или го употребуваа само како фактор на одвраќање против СССР не е никаква гаранција дека не би било употребено во некои нови геополитички релации. Но, примамливоста за негова употреба и одвраќање со можна употреба сега се својствени за нивните инфериорни противници. Последните настани со интервенцијата на Русија во украинскиот Крим покажува дека нуклеарното оружје останува фактор за блефирање на Москва, која го чува тоа оружје за можна употреба како надополнување на конвенционалната моќ на не толку слабиот противник.

Големите ривали на страна, (не)безбедноста во однос на веројатноста на протекување на нуклеарната технологија и експертиза од Русија, Северна Кореја, Кина, па и Иран е заменета со полесниот начин на примена на моќта на ОМУ-биолошкото и хемиското оружје. Се работи за технологија која во споредба со нуклеарната е полесна за производство, пренесување и криење. Безбедноста во оваа смисла опаѓа затоа што се проширува кругот на *отпаднатите* држави со терористички групи. Потоа, на оваа листа тука можат да се најдат и индивидуални актери, кои поради техничките и финансиските побарувања лесно можат да дојдат до посед на биолошко и хемиско оружје.

САД се веќе толку лесно ранливи на биолошко оружје што таквите закани можат да ги натераат да се повлечат од некои конфликти во странство. Бидејќи САД

[12] Види повеќе на: Davis K. Paul, Richard L. Kugler, Richard J. Hillestad. Strategic issues and options for the quadrennial defense review, RAND, Santa Monica, CA, 1997.

немаат хемиско и биолошко оружје, тие и понатаму ќе го задржат нуклеарното оружје: во функција на закана за можна употреба врз нивниот непријател како одговор на неговата употреба на биолошко и хемиско оружје против САД; и како нуклеарна гаранција за заштита на нивните сојузници. Се поставува прашањето дали навистина САД ќе можат да ја реализираат функцијата на одвраќање со нуклерано против хемиско и билошко оружје? Сепак, би било неразумно потенцијалниот виновник да претпостави употреба на ОМУ која не би поттикнала таков гнев кај САД што би направил одмаздата со нуклеарно оружје да биде вистинска. Во реалноста, на западните сили им преостанува да се потпираат на мерките за забрана на ширење на нуклеарно оружје, примена на конвенционални воени одговори и перманентни заштитни мерки на нивните војски во војна и нивните општества пошироко. Заканите, комбинирани со дипломатски средства, може да функционираат, но стратегиската позиција не е секогаш поволна за сојузниците. Ова ќе бара развој на *свесност за доминантна поставеност* која ќе овозможи да се идентификуваат можните локации на ОМУ и со самодоверба тие брзо да се нападнат.

### *6. Наместо заклучок: подготвувај се конвенционално и приспособи се неконвенционално*

Воопштено, констатацијата е дека најдобро е вооружените сили на Запад да се подготвуваат конвенционално и да се приспособуваат за неконвенционалното. Заклучокот дека цивилизираните ќе натежнат во однос на варварите не значи и дека треба да се знемарат неконвенционалните закани и стратегии. Крајно, таквите стратегии и закани нема да им помогнат на варварите да победат, но, сепак, можат да причинат прилично штета, болка и одвраќање. Што е уште позначајно, доколку тие се користат од цивилизираните повремено, како мали пресметки што ѝ претходат на битката, тогаш тие можат да помогнат да се воспостави амбиент во кој победата станува можна или поверојатна од поразот. Од друга страна, не треба ни историската супериорност на цивилизираните, како и неодамнешните искуства од поранешна Југославија, Ирак или Авганистан во кои Запад покажува адаптибилност на неконвенционалното да прават напредните да се чувствуваат безгрижно. Безгрижноста во свет каде што постои оружје за масовно уништување е непосакувана. Таа е незаслужена ако се потсетиме дека предноста на цивилизираните зависи од три нешта: способноста на страните да се оцени прецизно заканата со која се соочуваат, поседувањето стратегиско чувство кое е доволно суптилно за да се направи разлика помеѓу тривијалното и суштинското и делумно од лидерите и нивната информираност и нивните одлуки. Во таа смисла, Запад може сам да си претставува значителен ризик за својата благосостојба.

Искуствата од современите војни и конфликти покажуваат дека војувањето бара сè повеќе интеракција со цивилите и соодветно на тоа не секогаш можност да се разграничуваат борците од неборците. Независно од намерите на спротивставените страни, едноставно ќе биде извонредно тешко да се спречи прелевање на воениот

судир кон цивилите. Иако военото право – хуманитарно право – никогаш немало цел да ја ограничи војната во смисла на оневозможување на војниците да ја остварат својата цел, туку само да ја хуманизира целата таа постапка и да избегне непосредно страдање на цивилното население, сепак, тоа ќе биде прекршувано. И покрај тоа што зад него стои една морална, политичка и хумана димензија, сепак, ќе се изведуваат напади врз објекти што содржат опасни сили или објекти што се неопходни за преживување на цивилното население. Способноста да се заобиколуваат граѓанските пречки што ќе им стојат на патот на победата ќе ја поседуваат само неколку најнапредни војски. Кога една земја се соочува со пораз во конвенционална војна, нападот врз општеството на противникот е единствената последна можност што останува. Сето ова објаснува зошто војната во 21 век ќе биде обесхрабрувачка за сите оние што се убедени дека доминантните вооружени сили ќе можат да се употребат на одлучен начин и нивниот ефект да не предизвика соодветен начин на одмазда.

*Литература*


Барталеми Курмон, Дарко Рибникар. „Асиметрични ратови. Сукоби јуче и данас, тероризам и нове претње“, НИЦ Војска, Београд, 2003

Blazar Ernest, „Inside the Ring“, Washington Times, 2 February 1998

Bowden Mark, „A Defining Battle Leaves Lasting Scars“, Philadelphia Inquirer, 16 November 1997.

Davis K. Paul, Richard L. Kugler, Richard J. Hillestad. „Strategic issues and options for the quadrennial defense review“, RAND, Santa Monica, CA, 1997.

Dunlap J. Charles, Jr., „How We Lost the High-Tech War of 2007“, The Weekly Standard, 29 January 1996, pp. 22-28

Freedman Lawrence, „The Third World War?“, Survival, Vol. XLIII, No.4, 2001

Gacek M. Christopher. „The Dilemma of Limited War in American Foreign Policy“, Columbia University Press, 1994.

Hantington P. Samuel. „The Clash of Civilizations“, *Foreign Affairs* 72 vol. 3, 1993.

Kaplan D. Robert. „The coming anarchy“, Atlantic mountly, vol 273, no2, 1994.

Powell Colin. „US. Forces: Challenges Ahead“, vol. 71, no. 5, Foreign Affairs, Winter 1992/93, 32-45

Stephen Biddle. „Victory Misunderstood: What the Gulf War Tells Us About the Future of Conflict“ , *International Security*, Vol. 21, No. 2 (Fall 1996). Достапно на http://www.comw.org/rma/fulltext/victory.html

Vietnam in HD http://www.youtube.com/watch?v=prqkYMaqDS0&list=PLnzkxrGWCE6oVY1du5dY2UFZG7BgZa3Zo

*Sergej CVETKOVSKI*

# TRANSFORMETION OF WAR THROUGH THE PRISM OF ASYMMETRY

***Summary***

*In general, it would be best for armed forces of the West to prepare conventional and to adapt for unconventional. The conclusion that civilized will prevail over barbarians does not mean that they neglect the unconventional threats and strategies. Ultimately, such strategies and threats not necessary help the Barbarians to win, but can still cause quite a damage, pain and distraction. The more important, if they are used by civilized occasionally as small skirmishes preceding the battle, then they can help in establish a setting in which victory becomes possible or likely than defeat. On the other side, nether the historical superiority of civilized and recent experiences in the former Yugoslavia, Iraq and Afghanistan shows that adaptability of the forces of West for unconventional, can make mxe advanced one to feel complacent. Complacency in a world where there is a weapon of mass destruction is undesirable.*

*The Western way of war in which the desire is to limit the war on professional fighters, points to a decisive victory on the battlefield. But the experience of modern wars and conflicts show that modern war requires more interaction with civilians and consequently is not always possible to distinguish fighters from civilians. Regardless of the intentions of the parties, it'll be extremely difficult to prevent spillover of military conflict on civilians. Although behind military low stands a moral, a political and a humanitarian dimension, still there going to be performed attacks on facilities containing dangerous powers or facilities that are necessary for the survival of the civilian population. Such attacks are justified by the need of dismantling the armed forces of the enemy. The ability to circumvent the civil disturbances that would stand in the way of a victory would possess just the most advanced armies. When a country faces defeat in a conventional war, the attack on the opponent's society – is the only and the last opportunity that remains. All this explains why the war in the 21st century will be daunting for those who are convinced that the dominant armed forces can be used to in decisive way without its effect triggering the appropriate way of revenge.*

***Keywords:*** *ASYMMETRY, THREATS, STRATEGY, TRANSFORMATION TECHNOLOGIES.*